Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

# Извадок на дел од дневни настани 03.01.2021

На 02.01.2021 во 23.55 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода М.К.(26) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2021 во 16.40 часот на локалниот пат с.Миладиновци - Скопје, од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен М.И.(50) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден пиштол „црвена застава" калибар 9 мм со рамка без куршуми, со што сторил прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Г.(46) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги". Тој, на 24 и 25.11.2020, во својот стан во Струга, а потоа и во патничко возило, негова сопственост, на три лица им овозможил употреба на амфетамин и марихуана.

На 02.01.2021 во 19.00 часот од полициски службеници од СВР Тетово на регионалниот пат Тетово - с.Брвеница бил приведен Т.Ј.(27) од с.Челопек, кој го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување, откако му било констатиран сообраќаен прекршок. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.Б.(24) од селото Горенци, општина Дебарца. При контрола на патничко возило на бул.„Туристичка" во Охрид, со кое пријавениот се превезувал, кај него, полициските службеници пронашле и одзеле марихуана.

На 02.01.2021 во 16.20 часот во Полициската станица Аеродром, М.Д.(28) од Прилеп пријавила дека на бул.„Србија" била касната од куче скитник.

На 02.01.2021 во 18.00 часот било пријавено дека во Штип, на ул.„Косовска" патничко возило „опел омега", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Е.М.(22) од Штип, удрило во малолетен пешак од Штип. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 02.01.2021 во 18.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.Ѓ.(64) од Скопје пријавил дека на ул.„Шар Планина" бил каснат од куче скитник.

На 02.01.2021 во 23.37 часот било пријавено дека во трговски центар во Струмица настанал пожар, при што биле опожарени дуќани. Пожарот бил локализиран од Територијалната противпожарна единица Струмица. Повредени лица нема, а увид бил извршен од страна на увидна екипа од СВР Струмица.

На 02.01.2021 во СВР Скопје биле лишени од слобода С.С.(52), С.И.(55) и И.И.(23), сите од Скопје, затоа што  околу 13.00 часот на подрачјето на Центар, во угостителски објект, физички ја нападнале Н.Л.С.(40) од Скопје. По документирање на случајот, против нив  ќе следат соодветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.С.(27) од с.Дебреше, гостиварско, поради сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 15.12.2020 во 21.40 часот полициски службеници од Полициското одделение Галате извршиле контрола во угостителски објект на пријавениот во с.Дебреше и констатирале дека објектот работи и по дозволеното работно време.

На 02.01.2020 во 18.20 часот во Градско - Велес биле приведени З.Д.(46) од Градско и З.Ж.(38) од Кавадарци, бидејќи во угостителски објект агресивно се однесувале кон полициски службеник кој вршел службени дејствија. Имено, З.Ж. го спречувал полицискиот службеник во преземање на службени дејствија, а З.Д. физички го нападнал. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2020 во 15.05 часот на паркинг простор пред хотел на Попова Шапка, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу З.М.(20) од Тетово и Б.И.(25) од с.Гајре. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2021 во 16.45 часот во Полициско одделение Новаци било пријавено дека во помошен објект на амбуланта во с.Добрушево настанал пожар, кој ги зафатил гаражата и покривот на објектот, во сопственост на Општина Могила. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица од Битола и бил извршен увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 02.01.2021 во 16.34 часот П.Д. од Кратово пријавил дека во Кратово, пред угостителски објект, бил физички нападнат од Т.Н.(26) од Кратово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2021 во 10.30 часот во Полициската станица Драчево Е.Д.(41) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот сопруг А.Д.(40). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 03.01.2021 во 00.10 часот С.Б.(25) од Прилеп пријавила дека на 02.01.2021, околу 23.30 часот, во Прилеп била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2021 во 11.10 часот било пријавено дека во с.Петровец, скопско, во неговиот дом бил пронајден починат Б.Т.(66). Од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било предадено за обдукција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крушево поднесе кривична пријава против И.Г. (42), Д.В.(42), З.Б.(29), М.А.(33) В.М.(36), Е.С.(32), Д.Т.(27), С.Н.(19), Н.М.(26), С.М.(36), М.Ц.(36), М.М.(48), А.К.(34), С.К.(36), Б.Г.(38), А.Н.(40), Г.С.(36), В.Д.(36), М.К.(36) и М.Д.(43), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 19.09.2020, пријавените биле во една соба во хотел во Крушево, иако биле предупредени од страна на персоналот на хотелот да не се групираат и да ги почитуваат мерките за заштита од ковид-19. Истиот ден, тие влегле во хотелскиот базен во поголем број од дозволеното, спротивно на протоколот според кој дозволено е присуство на максимум шест лица во базен.

На 02.01.2021 во 22.15 часот Д.П.(25) од Прилеп пријавил дека околу 17.30 часот во Прилеп бил физички нападнат од Д.К. од Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2021 во 19.13 часот било пријавено дека на подрачјето на Аеродром, во продажен објект, едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против М.Н.(40) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 09.12.2020, полициски службеници го затекнале М.Н. надвор од својот дом, иако со Решение од ДСЗИ му била одредена мерка изолација во домашни услови.

На 03.01.2021 во 01.15 часот С.Ѓ.(28) од Скопје пријавил дека на 02.01.2021 околу 23.40 часот во парк во населбата Драчево, неговиот 17-годишен внук бил физички нападнат од две лица, од кои едното од нив употребило остар предмет, нанесувајќи му убодна рана во пределот на ногата. Се работи на расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет